Влада на Република Северна Македонија

Бр.4401-17/28

# З А П И С Н И К

од Дваесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,одржана на 25 март 2020 година

**Скопје, март 2020 година**
**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 март 2020 година**

Седницата започна во 15:35 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваше и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваше и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваше заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Записник од Десеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 25 март 2020 година

2. Информација за потреба од донесување на Одлука за реализација на предложено решение за поврат на двојно платена акциза од страна на ЈСП „Скопје“

3. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа за време на вонредна состојба

4. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за буџетите за време на вонредна состојба

5. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за даночна постапка за време на вонредна состојба

6. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за данокот на личен доход за време на вонредна состојба

7. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за данокот на добивка за време на вонредна состојба

8. Предлог - уредба со законска сила за начинот на промена на договорни услови на кредитни изложености кај банките и штедилниците

9. Предлог - уредба со законска сила за примена на законот за данокот на додадена вредност за време на вонредна состојба

10. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за трговските друштва за време на вонредна состојба

11. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за трговските друштва за време на вонредна состојба

12. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за јавните претпријатија за време на вонредна состојба

13. Предлог - уредба со законска сила за запирање на примената на Законот за извршување за време на вонредна состојба

14. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за внатрешни работи за време на вонредна состојба

15. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за заштита и спасување за време на вонредна состојба

16. Информација за подготовка на Шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 26ти март 2020 година, во Скопје

17. Кадровски прашања

18. Прашања и предлози

19. 1) Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за јавните набавки за време на вонредна состојба; 2) Предлог - уредба со законска сила за интервентна набавка на заштитни маски, со цел спречување на последиците од коронавирусот (КОВИД - 19) за време на вонредната состојба; 3) Предлог - уредба со законска сила за интервентна набавка на медицински ракавици, со цел спречување на последиците од корона вирусот (Covid-19) за време на вонредната состојба

20. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки

21. Информација во врска со процесот на доставување концепт за идеа за проект до глобалниот Заеднички фонд за Целите за одржлив развој при Обединетите Нации

*

*　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## Точка 1

Владата го разгледа и усвои Записникот од Десеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 25 март 2020 година.

Истовремено, согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, ги усвои следниве заклучоци:

1. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, да се забрани движење на населението на територијата на Република Северна Македонија, во деновите сабота и недела, во временски период од 16:00 часот до 5:00 часот наредниот ден.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија.

2. Со цел операционализирање и спроведување на Одлуката за дополнување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, сите економски оператори што вршат продажба, во деновите сабота и недела, продажните капацитети да ги затворат најдоцна до 15:00 часот.

3. Како и за сите претходно донесени одлуки, заклучоци, мерки и препораки на Владата исто и за оваа мерка важат исклучоците за вработените лица во Министерството за внатрешни работи, припадниците на Агенцијата за национална безбедност, Министерството за здравство, Министерството за одбрана, Армијата на Република Северна Македонија, противпожарните територијални единици, Царинската управа, земјоделците, фармерите, правните лица кои работат во 3-та и 4-та смена и другите лица и институции претходно опфатени во исклучоците за овие мерки и забрани.

4. Такси компаниите да воведат дежурства со ограничен број на возила и истите да бидат искористени исклучиво за превоз кон/од болничка установа, за превоз на лице кое има посебна дозвола за движење за време на забраната и посебниот режим на движење или за превоз на лица кон/од работно место.

## Точка 2

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потреба од донесување на одлука за реализација на предложено решение за поврат на двојно платена акциза од страна на ЈСП „Скопје", за седницата на Владата што ќе се одржи на 26 март 2020 година, поради потребата Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати да достави Мислење по материјалот.

**Точка 3**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-уредбата со законска сила за примена на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа за време на вонредна состојба, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 26 март 2020 година.

**Точка 4**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за буџетите за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за даночна постапка за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на личен доход за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на добивка за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за начинот на промена на договорни услови на кредитни изложености кај банките и штедилниците, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го одложи за наредната седница на Владата разгледувањето на Предлог-уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на додадена вредност за време на вонредна состојба.

**Точка 10**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за трговските друштва за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата на предлог на м-р Крешник Бектеши, министер за економија, ја симна од Дневниот ред Предлог-уредбата со законска сила за примена на Законот за трговските друштва за време на вонредна состојба со цел истата да биде доставена преку Министерството за економија.

**Точка 12**

Владата на предлог на м-р Крешник Бектеши, министер за економија, ја симна од Дневниот ред Предлог-уредбата со законска сила за примена на Законот за јавните претпријатија за време на вонредна состојба со цел истата да биде доставена преку Министерството за економија.

**Точка 13**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примената на Законот за извршување за време на вонредната состојба (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за внатрешни работи за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата го одложи за наредната седница на Владата разгледувањето на Предлог-уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита и спасување за време на вонредна состојба.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 26 март 2020 година, во Скопје и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Се задолжува Секретаријатот за европски прашања добиените пишани материјали на англиски јазик согласно точките на Дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, да ги достави до службите на Европската комисија веднаш по усвојувањето на истите од страна на Владата.

**Точка 17**

По оваа точка немаше предлози .

**Точка 18**

1. Владата на предлог на Министерството за труд и социјална политика, го донесе следниот заклучок:

Во периодот на прогласена вонредна состојба поради појавата на вирусот КОВИД-19 сите нови баратели на азил, како и ново затекнатите лица со нерегулиран престој на територија на Република Северна Македонија, првично во период од 25 дена, карантински да се сместуваат во Прифатно-транзитниот центар во „Винојуг“, Гевгелија.

**Точка 19**

Владата ги симна од Дневен ред Предлог - уредбата со законска сила за примена на Законот за јавните набавки за време на вонредна состојба, Предлог - уредбата со законска сила за интервентна набавка на заштитни маски, со цел спречување на последиците од коронавирусот (КОВИД - 19) за време на вонредната состојба и Предлог - уредбата со законска сила за интервентна набавка на медицински ракавици, со цел спречување на последиците од коронавирусот (КОВИД - 19) за време на вонредната состојба, поради потребата истите да бидат доставени од Министерството за финансии, откако претходно ќе бидат усогласени со Бирото за јавни набавки.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки и ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот да изврши номотехничко усогласување на текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со процесот на доставување концепт за идеја за проект до глобален Заеднички фонд за Целите за одржлив развој при Обединетите Нации, ја усвои Информацијата и заклучи:

- Се овластува Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори во рок од три дена до Канцеларијата на Обединетите нации во Република Северна Македонија да достави Писмо за поддршка за концепт за идеја за проект за глобалниот Заеднички фонд за Целите за одржлив развој при Обединетите Нации насловен како: „Зелени финансии за чист воздух и ублажување на климатските промени“.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:10 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски